**СОРОС ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ-СКОПЈЕ**

огласува

# КОНКУРС

## за десет кандидати од завршните класови на средните училишта во Република Македонија кои ќе учествуваат во предавањата и семинарите од студискиот дел на проектот

**КОРЕНИ И РИЗОМИ**

**(проект во рамките на Програмата за Истражување и Едукација во Современата Уметност во соработка со Мрежата на Сорос центрите за современа уметност со седиште во Амстердам)**

Основната цел на проектот е да им овозможи на учесниците натамошно унапредување на самостојни теориски и методолошки пристапи кон современиот национален ликовен и културен амбиент и духовните вредности на македонскиот простор воопшто.

Споредбата меѓу коренот и ризомот треба да ја зададе почетната насока на една духовна авантура којашто треба да му помогне на идниот историчар и теоретичар на уметноста преку еден општ увид да го измине патот од неодредените чувства за сложеноста на светот на уметноста и културата во кој живее, до сопствена позиција од која ќе го толкува тој свет.

Студискиот дел од проектот Корени и Ризоми се состои од претставување и обработка на теми од историјата на уметноста и на теми сврзани со историјата на уметноста во еден поширок теоретски опфат, а ќе се одвива како што следи:

**1. семето**

ученикот и учителот - кој го учи учителот?
Прво предавање: За Е. Х. Гомбрих (Бојан Иванов)
Второ предавање: За Ј. Бојс (Зоран Петровски)

**2. почвата**

историја, историја на уметноста, социологија, психологија, антропологија ...
Трето предавање: Уметноста денес, видена од музејските прозори (Соња Абаџиева)
Четврто предавање: марксизам, психоанализа, егзистенцијализам, функционализам, структурализам... (Ферид Мухиќ)

Прв семинар: референци, референци; одбери најпоттикнувачки автор, насока, школа; разработи; направи споредба со друг автор, насока, итн.; организирај ги информациите и концептите.

**3. садење**

проблемот на методата
Петто предавање: Аксиоматски систем (Ана Димишковска)
Шесто предавање: За Г. В. Ф. Хегел (Бранислав Саркањац)

Втор семинар: обиди се да ја избегнеш лошата бесконечност ; систематизирај - обиди се да ги составиш концептите во систем

**4. нешто е погрешно!**

ќорсокаците на системското знаење (научно и политичко); постмодерна и постмодернизам
Седмо предавање: Уметноста и постколонијалната критика (Томас Мек Евили)
Осмо предавање: За големите приказни на Ж.-Ф. Лиотар (Небојша Вилиќ)
Трет семинар: соочи се самиот, сопственото училично и животно искуство со методолошката дилема

**5. плод**

кое растение носи плодови?
Деветто предавање: Данто против Хегел (Иван Џепароски)

Четврт семинар: најди ја сопствената позиција (прифати ги обете, ниту една, нешто трето ...)

На конкурсот може да се пријават сите државјани на Република Македонија кои го исполнуваат следниот услов:
- ученици од завршните класови на учебната 1998/1999 година, од сите средни училишта на Република Македонија;

Пријавите за конкурсот треба да бидат напишани на посебни апликациони формулари коишто заинтересираните ќе може да ги подигнат во Сорос центарот за современи уметности во Скопје или на њеб адресата http://www.scca.org.mk/roots-rhizomes/
Пријавите може да се доставаат лично во просториите на Сорос центарот за современи уметности во Скопје најдоцна до 28 мај или да се испратат по пошта пред 25 мај 1999 година на горната адреса. Кон пријавите со основните податоци и кус опис на личниот интерес за учество во проектот, кандидатите треба да приложат незаверена фото-копија од документите коишто го потврдуваат исполнувањето на условите на конкурсот.

По пријавите на конкурсот ќе одлучува четворочлена комисија, составена од: Мелентие Пандиловски, директор на Сорос центарот за современи уметности во Скопје; Бојан Иванов и Бранислав Саркањац, координатори на проектот; Аспазија Хаџишче, директор на националната ТЕМПУС канцеларија. Комисијата ке ги вреднува показателите од важност за остварување на целите на проектот. Одлуките на комисијата се конечни.

Предавањата ќе се одржат во два термина: од 05 до 11 јули и од 20 до 26 септември 1999 година. Сорос центарот за современи уметности во Скопје, ке обезбеди користење на сопствените библиотечни, информатички и просторни ресурси за изработка на семинарите.

Сметајќи дека учеството во овој проект ќе биде особено полезно за средношколците коишто својата идна професионална ориентација ја препознаваат во полето на науките за човекот, или поконкретно, во полето на историјата, уметноста и архитектурата, координаторите на проектот ги покануваат заинтересираните.

За сите дополнителни информации можете да се обратите до
**Сорос центарот за современи уметности - Скопје, Македонија,**
**ул. Орце Николов 109, 91000 Скопје**
или на телефон/факс **091 133 541**, e-mail **scca@soros.org.mk**